**Согласно Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност, донесен на 12.12.2014 од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ, ул. 5-та Партиска Конференција 32А,2000 Штип, ЕДБ 4029998113370, објавува**

# ПРАВИЛНИК НАГРАДНА ИГРА " МИЗИЧКИ УРЕДНИК"

**Член 1**

Со овој Правилник ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ (во продолжение : Организатор), ул. 5-та Партиска Конференција 32А,2000 Штип во програмата на радио Канал 77 организира наградна игра ''Музички уредник'' подржана од Escape Travel Agency.

**Член 2**

Целта на наградната игра е да се постигне промотивен ефект за Организаторот и подржувачот Escape Travel Agency , да се поврзат слушателите со радио Канал 77 и јакнење на свесноста за брендот и Escape Travel Agency.

**Член 3**

Наградната игра ќе се започне од 24.04.2023 до 30.04.2023 на службената facebook страница на радио Канал 77 https://www.facebook.com/Kanal77/, службената Instagram станица на радио Канал 77 https://www.instagram.com/kanal77/ и на службената веб страница на радио Канал 77 https://kanal77.mk/.

**Член 4**

На службените страници на радио Канал 77 од Член 3 ќе биде поставен музички тест и секоја личност која ќе го заврши музичкиот тест ќе има можност да освои одмор за двајца од 10.06.2023 до 17.06.2023 на островот Крф. Добитникот на наградата ќе биде одреден по случаен избор преку софтвер за случаен избор.

**Член 5**

Во играта е можно да се учествува еднаш. Еден е можен добиник на награда.

**Член 6**

Максималната вредност на наградниот фонд е 300 евра во денарска противредност, колку што е вредноста на одмор за 2 лица на островот Крф за период 10.06.2023 до 17.06.2023.Во наградата е вклучено : транспорт до островот Крф со вклучен траект и сместување во приватна вила. Наградата не може да се замени за готовина.

**Член 7**

Организаторот на играта го објавува победникот на веб страната на радио Канал 77 https://kanal77.mk/. Радио Канал 77 го задржува правото во секое време да прогласи побеник на играта, кога ќе има доволен број на испитаници потребни за обработка на музичкиот тест. Победникот на играта ќе биде контактиран и известен за победата и начинот на презимање на наградата, а ќе биде објавен и на веб страната на радио Канал 77 https://kanal77.mk/.

**Член 8**

Во согланост со позитивните законски регулативи за регуларност, спроведување то на натпреварот го спроведува трочлена комисија на радио Канал 77

Виктор Гаврилов
Емилија Гаврилова
Кире Андонов

**Член 9**

Право на учество имаат сите полнолетни граѓани на Република Северна Македонија кој во период од 90 дена не се освојувале награди, на игри на радио Канал 77.Вработените во радио Канал 77, поврзани компании, постојани соработници и нивните семејства немаат право на учество во наградната игра. Организаторот не е одговорен ако лицето одбие да ја земе наградата. Со учество во наградната игра, учесниците ги прифаќаат правилата утврдени со овој Правилник и дозволуваат нивните фотографии и податоци од апликацијата  да бидат објавени во етер или на веб-страницата на Организаторот за маркетиг и промотивни активности.Со прифаќање на овие правила и поднесување на апликацијата во наградната игра, учесниците се согласни дека безусловно и бесплатно ги пренесуваат сите свои авторски права поврзани со учеството во оваа наградна игра на Организаторот.

**Член 10**

Добитникот ја подига наградата со приложување на валиден документ за лична идентификација кој е со податоци идентично наведени како во пријавата. Подигањето на наградата ќе биде организирано по завршување на натпреварот не порано.  Наградата не може да се замени за готовина.Во моментот на презимање на наградата, престануваат сите обврски на Организаторот на играта кон победникот.Организаторот не е одговорен доколку победникот не ги исполнува критериумите за користење на наградата и таквото оправдување  не  е причина за промена на наградата. Во случај победникот да не ја подигне и искористи наградата во рокот пропишан во Правилникот  го губи правото на побарување на истата.

**Член 11**

Орагнизаторот на наградната игра може да ја стави во повремено мирување или да ја прекине во случај на Виша сила и серизони економски проблеми. Радио Канал 77 се оградува од какви било технички проблеми за време на натпреварот.

**Член 12**

Со учество во наградната игра, секој учесник ги прифаќа горенаведените права и обврски од овој Правилник. Во случај на спор надлежен е Основен суд Штип

**Член 13**

Овој Правилник стапува на сила со денот на објавување на веб-страницата https://kanal77.mk/, а неговата важност трае до исплнување на сите одредби  предвидени во членовите на овој Правилник.

Штип, 20.04.2023